## ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТИ

**Пред употреба на хербалениот лек внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за вас.**

Овој хербален лек се издава без лекарски рецепт за ублажување на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со вашиот фармацевт ако ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на вашата болест се влошат или ако не се подобрат по 7 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*

Во ова упатство:


1. Што претставува Хербион сирупот од исландски лишај и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете Хербион сирупот од исландски лишај
3. Како да го земате Хербион сирупот од исландски лишај
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Хербион сирупот од исландски лишај


**Herbion Iceland moss syrup - Хербион сируп од исландски лишај**

*Cetraria islandica tallus extractum spissum*

**За ублажување на кашлица**

- *Активна супстанција:* 1 ml од сирупот содржи 6 mg густ екстракт од исландски лишај (*Cetraria islandica* (L.) Acharius s.l., *tallus*), што е еквивалентно на 96 – 108 mg на исландски лишај.
  Растворувач за екстракција: пречистена вода.
- *Помошни супстанции*: течен (некристализирачки) сорбитол (E420), ксантан гума (E415), натриум бензоат (E211), лимонска киселина (E330) и вкус на лимон (етанол).

Сирупот претставува малку прозрачна течност со жолто-кафена до кафена боја. Може да се забележи мало количество на талог кој е вообичаен за природните супстанции.
Достапен е во пакувања кои содржат 150 ml сируп во шише и дозирна лажичка.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Христо Татарчев–1,бр.101, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот:**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Словенија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ИСЛАНДСКИ ЛИШАЈ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Хербион сирупот од исландски лишај содржи густ екстракт од исландски лишај. Претставува традиционален хербален лек кој се препорачува при:
- сува, надразнителна кашлица,
- засипнатост и болки во грлото.

Екстрактот од исландски лишај содржи големи количини на растителна слуз растворлива во вода за која се смета дека ја ублажува сувата и надразнителна кашлица на тој начин што ја обложува, штити и навлажнува слузницата на устата и грлото.

Хербион сирупот од исландски лишај е традиционален хербален лек кој се употребува исклучително за наведената индикација како резултат на долгогодишната употреба.

Мора да се советувате со вашиот лекар ако симптомите на вашата болест се влошат или не се подобрат за 7 дена.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ИСЛАНДСКИ ЛИШАЈ

**Немојте да го земате Хербион сирупот од исландски лишај:**

- Ако сте алергични (хиперсензитивни) на екстрактот од исландски лишај или на некоја од помошните супстанции на Хербион сирупот од исландски лишај.

**Бидете посебно внимателни со Хербион сирупот од исландски лишај:**

Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да го земете Хербион сирупот од исландски лишај:

- Ако имате проблеми со дишните патишта, пропратени соотежнато дишење, зголемена телесна температура, хронична кашлица или крвав секрет при искашлувањето, веднаш посетете го вашиот лекар.
- Ако состојбата не ви се подобри по 7 дена од земањето на овој хербален лек, посетете го вашиот лекар.

**Деца и адолесценти**

Хербион сирупот од исландски лишај се препорачува кај возрасни и деца над една (1) година.
Лекот може да се даде кај деца на возраст од 1 до 4 години, само по преглед и препорака од лекар.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на вас, било кога во минатото.*

**Земање на други лекови со Хербион сирупот од исландски лишај**

*Ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Не беше утврдено дека Хербион сирупот од исландски лишај има влијание врз дејството на другите лекови.

**Земање на Хербион сирупот од исландски лишај со храна и пијалок**

За време на земањето на Хербион сирупот од исландски лишај се препорачува пиење на многу течности, чај или други топли пијалоци, но не веднаш по земањето на лекот, затоа што лекот може премногу рано да се отстрани од слузницата на устата и грлото.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Доколку сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате да забремените, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да го земете овој лек.

Не се препорачува употреба на Хербион сирупот од исландски лишај за време на бременост и доење, поради недоволен број на податоци за употребата на екстрактот од исландски лишај кај бремени жени и доилки.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Не е утврдено дека Хербион сирупот од исландски лишај има влијание врз способноста за возење или за ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на Хербион сирупот од исландски лишај**
Хербион сирупот од исландски лишај содржи сорбитол. Доколку вашиот лекар ви кажал дека сте нетолерантни кон некои шеќери, советувајте се со него пред да го земете овој лек.
Овој лек содржи мали количини на етанол (алкохол), помалку од 100 mg по доза.

## 3. КАКО ДА СЕ ЗЕМА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ИСЛАНДСКИ ЛИШАЈ

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Ако не сте сигурни, обратете се кај вашиот лекар или фармацевт.*

Вообичаена доза за **возрасни и адолесценти над 16 годишна возраст** е 15 ml од сирупот, четири пати дневно.

Вообичаена доза за **деца од 10 до 16 годишна возраст** е 10 ml од сирупот, четири пати дневно.

Вообичаена доза за **деца од 4 до 10 годишна возраст** е 5 ml од сирупот, четири пати дневно.

Вообичаена доза за **деца од 1 до 4 годишна возраст** е 2,5 ml од сирупот, четири пати дневно.

Лекот може да се даде кај деца на возраст од 1 до 4 години, само по преглед и препорака од лекар. Хербион сирупот од исландски лишај може да им го даваат нивните родители или возрасни старатели.

Хербион сирупот од исландски лишај не е соодветен за деца и доенчиња под една година.

Немојте да јадете или да пиете течности веднаш по земањето на Хербион сирупот од исландски лишај, затоа што лекот премногу рано може да се отстрани од слузницата на устата и грлото.

Времетраењето на лекувањето зависи од видот и тежината на заболувањето и лекувањето може да трае подолг временски период (7-14 дена). Се препорачува да продолжите да го земате лекот уште неколку дена откако ќе исчезнат знаците на заболувањето.

Протресете го шишето пред употреба.

**Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од исландски лишај отколку што треба**
*Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од исландски лишај, веднаш треба да се посоветувате со вашиот лекар или фармацевт.*
Не земајте дози поголеми од препорачаните. Не се забележани случаи на предозирање.

**Ако сте заборавиле да го земете Хербион сирупот од исландски лишај**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
СКОПЈЕ * SHKUP *

*Доколку имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој хербален лек, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, така и Хербион сирупот од исландски лишај може да има несакани дејства, иако не кај сите болни.*

Непознати (честотата не може да се утврди од достапните податоци):

- алергиски реакции кои се манифестираат како: чешање, црвенило на кожата или отежнато дишење.

Доколку се појави алергиска реакција, прекинете со земање на лекот и советувајте се со вашиот лекар.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомнати во ова упатство, ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ИСЛАНДСКИ ЛИШАЈ

**Начин на чување**

***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***.

Да не се чува во фрижидер.

Сирупот може да се употребува 3 месеци по отворање на шишето.

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадоците од домаќинството. Советувајте се со вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ви се потребни. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

12-7692/4